АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 04-109/6
03.02 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/2015, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 15 алинеја 3 од Статутот на Агенцијата за супервизија на осигурување - Пречистен текст бр.02-822/1 од 04.12.2019 година, Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител - кандидат за административен службеник за работно место Виш соработник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти**

1. За извршител на работното место Виш соработник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, во Агенцијата за супервизија на осигурување, се избира кандидатот Стојанче Јаневски.

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација, со архивски бр.10-2875/3 од 25.12.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас за вработување на административен службеник бр.1175/2025 објавен на ден 18.12.2025 година во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“, спроведе постапка за селекција за вработување за наведеното работно место.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас на ден 13.01.2026 година ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување, административна селекција за вработување, Записник од извршена административна селекција за административен службеник со архивски бр.10-258/1, на ден 28.01.2026 година ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување, испит за административен службеник, Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски бр.10-258/3 и на ден 30.01.2026 година ја спроведе третата фаза од постапката за селекција за вработување, проверка на веродостојност на докази и интервју, Записник од

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со архивски бр.10-258/4.

По спроведената постапка за селекција за вработување, односно административната селекција за вработување, испитот за административен службеник и проверката на веродостојност на докази и интервју и извршеното бодирање, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за работното место АСО0101В02012 Виш соработник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, Дирекција за работи непосредно поврзани со Советот на експерти и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.1175/2025 за работно место АСО0101В02012 Виш соработник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, Дирекција за работи непосредно поврзани со Советот на експерти со архивски бр.10-258/5 од 02.02.2026 година.

Врз основа на Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.1175/2025 за работно место АСО0101В02012 Виш соработник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, Дирекција за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, со архивски бр.10-258/5 од 02.02.2026 година, Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата.

**Претседател на Совет на експерти**

м-р Ели Дракуловска